


# Export Helpdesk

## Помош при извоз во ЕУ

enterprise europe network

*Мрежа на бизнис можности*

АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

European Commission

Европската Унија е најголемиот единствен пазар во светот. Многу извозници сакаат да ги извезуваат нивните производи во Европската Унија и да ги усогласат своите производи со тековната побарувачка на пазарот. Но понекогаш, извозниците чувствуваат недостаток на информации за тоа како да извезуваат и како да ги исполнат ЕУ стандардите.

Доколку и вие сте заинтересирани да ги извезувате вашите производи во ЕУ, потребните информации ќе ги најдете на интернет страната на **Export Helpdesk!** **http://www.exporthelp.europa.eu/thdapp/index_en.html**

**Конкретно Export Helpdesk обезбедува информации за:**

Услови и даноци: услови кои треба да бидат исполнети при увоз и продажба на стока во ЕУ, специфични даночни или пазарни услови за производите и локалните даноци (ДДВ и акцизи) кои се применуваат во секоја земја членка на ЕУ;

Увозни давачки и други мерки на увоз: Царински режим кој се однесува на Република Македонија, повластени увозни тарифи, квоти, дозволи за увоз, антидампинг мерки и друго;

Трговска статистика: трговска размена помеѓу ЕУ и трети земји на годишно ниво и за секој производ (група), увоз и извоз – изразен во вредност и/или количина;

Повластени аранжмани: основните трговски аранжмани на ЕУ со земјите во развој, придружни документи при извоз и правилата за потекло кои извозниците мора да ги почитуваат;

но и

Релевантни е-дестинации, новитети (тримесечен е-весник), можност за поставување прашања на E-mail: exporthelp@ec.europa.eu ,

или

можете да ја контактирате канцеларијата на Европската Комисија во Скопје на E-mail: delegation-fyrmacedonia@eeas.europa.eu



## Често поставувани прашања:

### Кој е бројот на кодот на мојот производ во Европската Класификација на Стоки?

Пред да влезете на Европскиот пазар, треба да го знаете специфичниот код на вашиот производ според Европската Класификација на Стоки. Со овој податок, можете да ги најдете деталите кои се однесуваат на вашиот специфичен производ (храна, текстил и друго).

### Кои услови треба да бидат исполнети за да може мојот производ да влезе во ЕУ? Кои даноци се применуваат на мојот производ?

Сега, потребно е да знаете кои услови вашиот производ треба да ги исполни за да влезе на ЕУ пазарот. На пример, кои се барањата за здравствена контрола на производи од животинско потекло? Кои се регулативите за здравствена контрола на растенијата? Кои се техничките стандарди? Која стапка на ДДВ за вашиот производ се применува во секоја од земјите членки на ЕУ?

Овие информации се достапни на интернет страната на **Export Helpdesk** во секцијата “Услови и Даноци“(„**Requirements and Taxes**“). Штом го внесете кодот на вашиот производ и ја пополните соодветната влезна форма, добивате комплетна листа на барања кои се однесуваат на вашиот продукт и стапката на ДДВ за соодветната земја за која се интересирате.

### Која е царината која се применува на мојот производ?

Во секцијата “Увозни Тарифи“ (“**Import Tariffs**”), можете да добиете информација за царинските давачки кои се применуваат на вашиот производ. Исто така, во оваа секција можете да најдете информација дали за вашиот производ и Република Македонија важат повластени царински давачки и која е намалената тарифна стапка која се применува на вашиот производ.

### Кој повластен аранжман се однесува на Република Македонија?

Во секцијата „Повластени аранжмани“ **(„*Preferential arrangements*’)** ќе најдете детални информации за трговскиот режим на ЕУ со Република Македонија. Во подсекцијата „Потребни документи“ ќе можете да видите дека Ви е потребен документот *Потекло на Производот*, кој непоходно ќе мора да го поднесете како доказ дека производот кој го извезувате навистина потекнува од Република Македонија. Ова ќе ви овозможи да ги искористите можностите за секаков вид на пониски давачки при извоз кои ви стојат на располагање.

Од приложениот формулар, ќе можете да дознаете кои предуслови треба да ги исполнува Вашиот производ за да може да се класифицира како производ кој потекнува од Република Македонија.

### Како можам да добијам детални статистички податоци за трговските текови?

Во секцијата „Трговска статистика“ **(“Trade Statistics”)** ќе можете да погледнете колкава количина од производот како Вашиот се извезени во ЕУ, почнувајќи од 2002 година и кои земји на ЕУ ги увезувале. Ќе добиете комплетен преглед на трговските текови според одделен производ со само неколу кликови.

**www.apprm.gov.mk**
**www.een.mk**
**контакт: eiicm@apprm.gov.mk**
**тел: 02 3120 132**

Neither the European Commission nor any person acting on behalf of the European Commission is responsible for the use which might be made of the information contained herein. The views in this publication are those of the author and do not necessarily refl ect the policies of the European Commission.